# ДОДАТОК XI

# ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

**Друштво за производство на акумулатори**

**ТАБ-МАК ДОО Пробиштип**

**Барање за обнова и измена на А интегрирана еколошка дозвола**

## ДОДАТОК XI

## ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

**Содржина:**

ДОДАТОК XI ........................................................................................................ 1

ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ ........................................................................ 1

XI.1. Вовед ........................................................................................................ 3

XI.1.1. Воведување на Систем за управување со животна средина ISO 14001:2015 ........................................................................................................ 3

XI.1.2. Спроведување на Енергетски аудит ................................................... 4

XI.1.3. Воведување на континуиран мониторинг на емисии на прашина од погон Рециклажа ........................................................................................ 4

## XI.1. Вовед

“ТАБ-МАК” ДОО Пробиштип е одговорна компанија чија примарна цел е постојано да работи во насока на заштита на животната средина, безбедноста на работниците и околното население и да планира активности кои ќе ги унапредат нејзините еколошки перформанси.

Во насока на исполнување на горенаведените цели подготви предлог Програма за подобрување на животната средина која ги опфаќа следните активности со предложени средства за нивна реализација:

| Ред. Бр. | Активност |
|---|---|
| 1. | **XI.1.1. Воведување на Систем за управување со животна средина ISO 14001:2015**<br>*Опис на активноста:*<br>Идентификување на аспектите на животната средина во соодност со производството и вреднување на нивното влијание врз елементите на животната средина, дефинирање на Политика за животната средина со дефинирање на квантитативни цели и задачи кои треба да се исполнат, како и одговорности на лицата кои ќе бидат задолжени за нивно спроведување, развивање на интерни критериуми – индикатори за следење на достигнувањата на поставените цели за животна средина, развивање на процедури за зајакнување на капацитетите на сите вработени во поглед на постигнување на целите за заштита на животната средина, спроведување на обуки за вработените.<br>*Цел на активноста:*<br>Целта на ISO 14001:2015 е управување со влијанијата врз животната средина, кои се создаваат при реализација на работните процеси во една Организација. Со имплементација на ISO 14001:2015, се утврдува кои од работните процеси во Организацијата ја загадуваат животната средина, се идентификуваат реални цели и се превземаат мерки за остварување на целите за заштита на животната средина.<br>*Придобивка:*<br>• унапредување на односите со јавните служби, службите за надзор на заштита на животната средина и локалните заедници;<br>• рано препознавање на проблемите од областа на животната средина;<br>• транспарентност на организацијата;<br>• задоволување на законските прописи и други барања; |

| Ред. Бр. | Активност |
|---|---|
| | • потврда за определба на организацијата кон заштитата на животната средина;<br>• намалување на ризикот за доведување до еколошка катастрофа.<br>***Период на реализација*** ***2019 година***<br>**Финансиски средства за реализација на инвестицијата** ***15.000 Евра*** |
| 2. | **XI.1.2. Спроведување на Енергетски аудит**<br>*Опис на активноста:*<br>Оценка на состојбата со потрошувачка на енергија и енергенси, идентификација на главните извори на енергија, нивната потрошувачка, загуба на енергија, нејзино рационално искористување, воведување на мерки за заштеда на енергија во процесите.<br>*Цел на активноста:*<br>Целта на оваа оценка на состојбата е да се направи анализа на постојната состојба во однос на потрошувачката на енергија во сите објекти на “ТАБ МАК”, како и да се предложат енергетски мерки кои ќе допринесат за заштеда на енергија.<br>*Придобивка:*<br>Заштеда на енергија во сите сегменти на работење на инсталацијата. Намалување на трошоците на инсталацијата за набавка на енергенси.<br>***Период на реализација*** ***2019 година***<br>**Финансиски средства за реализација на инвестицијата** ***10.000 Евра*** |
| 3. | **XI.1.3. Воведување на континуиран мониторинг на емисии на прашина од погон Рециклажа**<br>*Опис на активноста:*<br>Поставување на мерачи за континуиран мониторинг на емисиите на прашина од ротационите печки и казани за топење и рафинација на олово во производниот погон за сепарација и рециклажа на акумулатори.<br>*Цел на активноста:*<br>Континуиран мониторинг на емисиите на прашина од погонот за рециклирање и заштита на животната средина.<br>*Придобивка:* |

| Ред. Бр. | Активност |
|---|---|
| | Преку континуираниот мониторинг ќе се обезбеди константен излез на отпадна прашина од процесот на топење и рафинација на оловото. Ќе придонесе и во попрецизното дозирање на хемикалиите за рафинација на олово, со штом ќе се намалат емисиите на други хемикалии во атмосферата.<br>Континуираниот мониторинг ќе овозможи следење на ефикасноста на филтерскиот систем кој е поставен со цел увидот да овозможи навремено реагирање и постапување со емисиите.<br>***Период на реализација*** ***Втора половина на 2017 година***<br>**Финансиски средства за реализација на инвестицијата** ***10.000 Евра*** |

Сумарно инвестициската табела за реализација на планираните инвестиции во програмата за подобрување.

| Планирано подобрување | Финансиски средства (EUR) |
|---|---|
| Воведување на Систем за управување со животна средина ISO 14001:2015 | 15.000 |
| Спроведување на Енергетски аудит | 10.000 |
| Воведување на континуиран мониторинг на емисии на прашина од погон Рециклажа | 10.000 |
| **Вкупно** | **35.000** |